**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деведесеттата седница на Собранието на Република**

**Македонија, одржана на 16 ноември 2001 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 0,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја свикувам Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија со единствена точка на предлогот на дневен ред - Одлука за прогласување на Амандманите.

Ја отворам Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Александар Гештаковски, Весна Јовановска и Ѓулистана Марковска, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата, констатирам дека присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Предлагам предлогот на дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Процедурално бара господинот Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господа пратеници, јас мислам дека, ако ништо друго заслуживме барем малку почитување од предлагачот на овие амандмани. Ако му беше досега срам да се појавува пред нас и да не слуша, сега кога е чинот на самото прогласување на амандманите, ве молам господине претседателе да го викнете па да му честитаме. Тоа е редот како што треба. Јас незнам на кого ќе му честитаме сега и прогласување на амандманите.

Затоа молам да дадете пауза да дојде претседателот на државата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го повикавме претседателот, предлагачот.

Има збор господин Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарма господине претседател. Според деловничките одредби седниците вие ги закажувате. Мене не ми е познато дека седница се закажува во рок од пет минути. Мене ми е потребно за ваква седница, што има свечен карактер да се подготвам. Јас на полноќ или после полноќ мислам дека не прилега да се држи свеченост, па макар таа да се однесува и на прогласување на уставни амандмани. Свечена е. Ова е свечена седница затоа што на полноќ извесно ми е кој тоа држи тогаш свои собири.

Упатно е Парламентот да го запази достоинството и оваа одлука за прогласување на уставните амандмани да биде донесена во прикладен ден, во прикладен период од денот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор гопсодин Звонко Мирчески.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, овој пат се јавувам чисто деловнички да интервенирам за начинот на свикувањето на седницата, за итноста поради која се свикува седницата и како потпретседател на Собранието морам да реагирам за грубото кршење на Деловникот и за непочитување. Само во тоа се состои мојата интервенција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве, забелешка дека сум го прекршил Деловникот.

Јас ги закажувам седниците. Еве, ја закажав.

Ве молам, забелешката ја ставам на изјаснување на Собранието.

Кој е за забелешката, ве молам да гласаме. Ќе гласате како сакате.

Вкупно гласале 91 пратеник, 8 пратеници гласале за, 5 пратеници гласале воздржано, 78 пратеници гласале против забелешката на господинот Мирчески.

Предлогот на дневниот ред да не се дополнува со други точки го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 96 пратеници, 93 пратеници гласале за, не гласал ниту еден пратеник воздржано, против гласале тројца пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За седницата го предлагам следниот дневен ред:

- Прогласување на амандманите IV, V, VI,VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII и XVIII на Уставот на Република Македонија. Предложениот дневен ред го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 103 пратеници, за гласале 94 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник, против гласале 8 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на дневен ред.

(Претседателот на државата господин Борис Трајковски, предлагач на амандманите на Уставот на Република Македонија влегува во салата).

Преминуваме на прогласување на амандманите.

Согласно член 131 став 4 од Уставот на Република Македонија Собранието на Република Македонија ја прогласува измената на Уставот.

Предлагам Собранието да ја донесе следната Одлука:

"Врз основа на член 131 став 4 од Уставот на Република Македонија на седницата одржана на 16 ноември 2001 година донесе Одлука за прогласување на амандманите IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII и XVIII на Уставот на Република Македонија".

Се прогласуваат амандманите IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII и XVIII на Уставот на Република Македонија што ги усвои Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 16 ноември 2001 година.

Предлог - одлуката за прогласување на амандманите V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII и XVIII на Уставот на Република Македонија ја ставам на гласаше.

Ве молам, пред да почнеме со гласањето збор побара господин Мирчески.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине претседателе, и овој пат мојата забелешка е од деловничка природа. Мислам дека е основана, а се состои во тоа што ние пратениците ја немаме добиено Предлог - одлуката што треба да ја усвои овој Парламент. Мислам дека мојата забелешка е на место и барам да биде удоволена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, вака се прогласуваат амандманите, секогаш на ист начин. Ја предлагам овде Одлуката затоа што претходеше усвојување на амднамните. Не држи вашата забелешка.

Има збор господин Мирчески.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине претседателе, ние ја немаме Предлог – одлуката,јас конкретно и мојата пратеничка група не знаеме за каква одлука ќе гласаме. Според тоа, оставаме на вас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па што работевме денес. Ви ги прочитав тие амандмани. Ништо друго.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Само што не ни е поделена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, забелешката на господинот Мирчески ќе ја ставиме на изјаснување.

Ве молам, ја ставам на гласање забелешката на господинот Мирчески.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 98 пратеници, за гласале 11 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници, против гласале 83 пратеници.

Според тоа, Собранието не ја уважи забелешката на господинот Мирчески.

Ве молам да гласаме.

Сега гласаме за Одлуката што ви ја прочитав.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 107 пратеници, за гласале 94 пратеници, воздржано не гласаше ниту еден пратеник, против гласале 13 пратеници.

Констатирам дека Одлуката за прогласување на амандманите IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII и XVIII е донесена.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 01,00 часот).